# Годишен извештај- 2022

# АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ, КОМУНИКАЦИИ И РАЗВОЈ „ПАБЛИК“

# Содржина


1 Вовед ... 3

1.1 Мисија, визија, вредности ... 3

2 Реализирани проекти во тековната година ... 4

2.1 Приоритет 1: Унапредување на социјална вклученост на ранливите категории граѓани; ... 5

2.1.1 Проект: Можности за економска реинтеграција преку социјално менторство за жени жрви на насилство ... 5

2.1.2 Проект: Регионално зајакнување на социјалното менторство како пристап за активирање на пазарот на труд за ранливи лица“ ... 5

2.2 Приоритет 2: Развој на еко-системот на социјалните претпријатија; ... 7

2.2.1 Проект 1: WINS- Worker's involvement in social economy enterprises ... 7

2.2.2 Проект 2: Информации, консултации и права на учество, како фактор за успех во трансферот на бизнисите кон вработените во мали и средни претпријатија (In4BTE) ... 7

2.3 Приоритет 3: Општествена промена ... 8

2.3.1 Проект: „Лице в лице со дезинформациите и со говорот на омраза“ ... 8

2.3.2 „Лице в лице“ програма ... 9

3 Други форми на застапување и комуникација ... 12

3.1 Застапеност на во медиумите и социјалните мрежи ... 12

3.2 Настани во организација на Асоцијацијата ... 14

4 Влијание врз јавни политики ... 16

4.1 Национална стратегија за социјалните претпријатија ... 16

4.2 Документи за јавни политики ... 16

4.3 Влијание на регионални и глобални политики и програми ... 17

5 Соработка и вмрежување ... 17

5.1 Членување во Мрежи ... 17

5.1.1 Diesis scrl-fs ... 18

5.1.2 Национална мрежа на социјални претпријатија на Македонија ... 18

5.1.3 ICSEM- Интернационална мрежа на компаративни модели на социјални претпријатија ... 18

5.1.4 Мрежата на медиумска писменост ... 18

5.2 Соработка со корпоративен сектор ... 19

5.2.1 Соработка преку уличното списание „Лице в лице“ ... 19

6 Институционален развој ... 20

6.1 Развој на капацитетите на конституентите........................................................................22

# 1 Вовед

## 1.1 Мисија, визија, вредности

Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“ е независна, непрофитна организација за истражување и застапување која што:

- го следи и го поттикнува развојот на социјалните претпријатија во Македонија и во регионот;
- ги анализира процесите на социјалната инклузија со фокус на работна интеграција;
- креира инструменти, ја развива свесноста и го мери влијанието на чинителите во социјалната економија, но и на традиционалните бизниси;
- ги аплицира научните социолошки методологии (U-Theory) во развојот на одржливи процеси во општеството.

Особеноста на „Паблик“ е редовната комуникација со најранливите категории граѓани овозможена преку уличното списание „Лице в лице“, чиј издавач е асоцијацијата. Оваа позиција ни овозможува подлабоко да ги истражиме и утврдиме причините за состојбата на социјалната исклученост, а ваквиот приод ни дава слика за реалните проблеми во општеството.

**Мисија:** Поттикнување позитивна општествена промена преку развој на социјално претприемаштво и со потикнување социјална инклузија преку истражување, застапување и партиципативно креирање на јавните политики.

**Визија:** Општество со еднакви можности за сите.

**Вредности:**

| Инклузија и антидискриминација | Партиципативност во креирање јавни политики |
|---|---|
| **Почитување и промовирање на човековите права** | Соработка, партнерство и вмрежување |
| **Добро управување** | Транспарентност и независност |
| **Лидерство** | Контиунуиран професионален развој |

# 2 Реализирани проекти во тековната година

**Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“ работи на три стратешки приоритети:**

- Приоритет 1: Унапредување на социјална вклученост на ранливите категории граѓани;
- Приоритет 2: Развој на еко-системот на социјалните претпријатија;
- Приоритет 3: Општествена промена

Проектните активности имплементирани во текот на 2021-та година водат кон реализација на дефинираните приоритети. Во прилог е даден преглед на проектните резултати, излистани по стартешки приоритети.

## 2.1 Приоритет 1: Унапредување на социјална вклученост на ранливите категории граѓани;

### 2.1.1 Проект: Можности за економска реинтеграција преку социјално менторство за жени жрви на насилство

| | |
|---|---|
| **Донатор** | UN Women |
| **Период на имплементација** | август 2021 – февруари 2023 |
| **Локација** | национално ниво |
| **Резултати** | 1) 13 жени кои преживеале насилство се вработија и ги зајакнаа своите вештини и капацитети, со што станаа поконкурентни за отворениот пазар на труд, преку овозожување на услугата социјално менторство<br>2) Ниту една од менторираните жени не се врати кај сторителот на насилството<br>3) Сите 15 менторирани жени ги зајакнаа своите вештини и таленти и бележат поконкурентна позиција на пазарот на труд<br>4) Четири социјални менторки зајакнаа 15 жени кои преживеале насилство<br>5) Спроведена кампања за родова еднаквост со фокус кон економско зајакнување на жени кои преживеале насилство со досег до 1.418.464 публика на социјалните мрежи и на веб.<br>6) Реализирано едно издание на „Лице в лице“ во тираж од 9000 копии, дистрибуирано во Скопје, Битола, Струга, Охрид и во Неготино. |

### 2.1.2 Проект: Регионално зајакнување на социјалното менторство како пристап за активирање на пазарот на труд за ранливи лица“

| | |
|---|---|
| **Донатор** | Друштво за меѓународна сорботка -ГИЗ |

| | |
|---|---|
| **Период на имплементација** | 21.07.2021- 15.07.2022 |
| **Локација** | Регионално ниво: Македонија, Косово, Албанија, Србија и БИХ |
| **Резултати** | Во рамките на проектот постигнати се следните резултати:<br>1) Верификувана програма,, Социјален ментор за работна интеграција,, од страна на Центарот за образование на возрасни-ЦОВ<br>2) Обучени 10 социјални менотори на регионално ниво (Македонија, Косово, Албанија, Србија и БИХ) во првиот циклус на обуки<br>3) Обучени 10 социјални ментори кои се стекнуваат со сертификат во РСМ – во вториот циклус на обуки<br>4) Во рамките за лобирање и застапување во првот циклус, одржани се 10 состаноци со засегнати страни( по 2 од секоја од таргетираните земји РСМ, Косово, Албанија, Србија и БИХ) со по 20 учесници. Гости беа претставници на бизнис секторот и релевантни институции.<br>5) Во рамките за лобирање и застапување во вториот циклус, одржани се 6 состаноци со засегнати страни, по 1 состанок во РСМ, Косово, Албанија, Србија и два состанока во БИХ. Вкупниот број е 20 учесници по состанок. Гости беа претставници на бизнис секторот и релевантни институции. |

### 2.1.3 Проект 3: „Лице в лице ЗЕНици -зајакнуваме ранливи, градиме претприемачи“

| | |
|---|---|
| **Донатор** | Национален младински совет на Македонија |
| **Период на имплементација** | 04.10.2022 – 04.04.2023 |
| **Локација** | Скопје (Шуто Оризари) и Битола |
| **Резултати** | 1) 10 млади лица од ранливи категории се вклучени како продавачи на уличното списание „Лице в лице“<br>2) Формирана неформална младинска група на „Лице в лице“ – совет ЛицевлицеЗЕНици со вклучени две млади лица од Битола<br>3) Отпочнато е дефинирање на нова услуга на „Лице в лице“ за брендинг и комуникации |

### 2.1.4 Проект 4: „Лице в лице – програма за работна интеграција на ранливите групи во општеството“

| | |
|---|---|
| **Донатор** | Град Скопје |
| **Период на имплементација** | 18.04.2022 – 01.12.2022 |
| **Локација** | Територија на град Скопје |
| **Резултати** | 1) Обезбеден е поттик за активно вклучување на граѓаните во општествените промени и променети се ставовите кај јавноста за маргинализирани групи на граѓани;<br>2) Лицата кои се вклучени во програмата Лице в лице имаат изградени вештини за понатамошна работна интеграција; |

| | |
|---|---|
| | 3) Обезбеден е еднаков пристап на мажите и жените во процесот на вклучување и продажба на списанието Лице в лице; |

**Проект 5: Спроведување на теренско истражување, собирање податоци и анализа на неформалната работа во секторот туризам и угостителство и секторот лични услуги и услуги во домот**

| | |
|---|---|
| **Донатор** | Тендерска услуга-проект за техничка поддршка на Министерството за труд и социјална политика, „Унапредување на условите на пазарот на трудот“ |
| **Период на имплементација** | 14.07.2021- 31.01.2022 |
| **Локација** | Национално ниво |
| **Резултати** | Спроведено теренско истражување за неформална економија во секторот туризам и угостителство и секторот лични услуги и услуги во домот на следниот примерок:<br>● 10 фокус групи со работодавци (вкупно 100 учeнсици)<br>● 5 фокус групи со работници (50 учесници)<br>● Вкупно 28 индивидуални интервјуа (20 работодавци, претставници на јавни институции и социјални партнери) |

## 2.2 Приоритет 2: Развој на еко-системот на социјалните претпријатија;

### 2.2.1 Проект 1: WINS- Worker's involvement in social economy enterprises

| | |
|---|---|
| **Донатор** | Европска комисија, ЕАСИ програма |
| **Период на имплементација** | Worker's involvement in social economy enterprises |
| **Локација** | Италија, Шпанија, Белгија, Словенија и Македонија |
| **Резултати** | Проектот WINS има за цел да го промовира вклучувањето на работниците во претпријатијата за социјална економија во Европа. Исто така, ја зајакнува транснационалната соработка помеѓу претставниците на работниците и работодавачите, како и помеѓу претпријатијата од социјалната економија и синдикатите во однос на вклученоста на вработените.<br>Покрај тоа, WINS ги охрабрува вработените да ги знаат нивните права на информации, консултации и учество (ICP) кога работат за (социјално) претпријатие, како и правата и обврските што им овозможуваат да имаат доволно информации кога ќе станат вработен или сопственик на компанија во сопственост на работници.<br><br>Во текот на 2021-рвата година, во рамките на проектот постигнати се слените резултати:<br>● Формирана платформа за знаење и учење;<br>● Организирани три интернационални работилници за промовирање на концептот со вкупно учество од 200 претставници од Италија, Шпанија, Словенија и Македонија; |

### 2.2.2 Проект 2: Информации, консултации и права на учество, како фактор за успех во трансферот на бизнисите кон вработените во мали и средни претпријатија (In4BTE)

| | |
|---|---|
| **Донатор** | Европска комисија |
| **Период на имплементација** | 01.03.2019 – 28.06.2021 |
| **Главен апликант** | Asociación Empresarial (ASLE) |
| **Локација** | Проектот, освен во земјава, се спроведува и во Шпанија, Италија, Германија, Бугарија, Франција и во Обединетото кралство. |
| **Резултати** | Проектот цели да ги детектира и да ги анализира реалните случаи каде правата на информации, консултации и учество, како и транспарентните принципи играат важна улога во процесите на сукцесија и корпоративно реструктуирање. Ова пак резултира во успешен трансфер на бизнисите кон вработените и унапредено ниво на социјален дијалог во компаниите.<br>Во оваа фаза, во 2021 година „Паблик“ ги постигна следните резултати:<br>● Организиран еден настан во Македонија, со 67 учесници;<br>● Објавени два документи за јавни политики: 1) студија за политики и 2) резиме со препораки за политиките |

## 2.3 Приоритет 3: Општествена промена

### 2.3.1 Проект: „Лице в лице со дезинформациите и со говорот на омраза“

| | |
|---|---|
| **Донатор** | Македонски институт за медиуми |
| **Период на имплементација** | мај 2021 – март 2022 |
| **Локација** | Струга, национално ниво |
| **Резултати** | 1) Вклучени над 80 локални актери: претставници и ученици од средни училишта, здруженија на граѓани, локална самоуправа, бизниси и институции за начините на справување со говор на омраза, лажни вести и дезинформации<br>2) Издадено едно издание во 7500 тираж печатен и дигитална верзија на тема справување со говор на омраза, лажни вести и дезинформации<br>3) Развиени капацитети на 5 локални новинари кои ги практикуваат добрите уреднички практики на уличното списание „Лице в лице“ (испродуцирани и објавени 5 текстови и 40 фотографии);<br>4) Зголемена свесност и знаење кај 38.000 граѓани во општина Струга и околните места за справување со говор на омраза, лажни вести и дезинформации – спроведена кампања на социјалните мрежи. |
| | |

**Проект 2: Лице в лице со различностите**

| | |
|---|---|
| **Донатор** | Founded by European Union, Balkan Trust for Democracy, a project of the German |

| | |
|---|---|
| | Marshall Fund of the United States, and the Royal Norwegian Embassy in Belgrade |
| **Период на имплементација** | 01.04.22 – 31.08.22 |
| **Локација** | Охрид, Струга, Скопје – национално ниво |
| **Резултати** | 1). Пет локални организации подготвени за активно ангажирање во промовирањето на социјалната различност;<br>2). Развиени капацитети на 7 локални новинари и инфлуенсери за примена на стандардите за известување за различностите – преку редакцијата на списанието Лице в лице;<br>3). Зголемена свест и знаење за различностите на 305.692 граѓани на национално ниво, со фокус за регионите на Струга и Охрид;<br>Вкупен дофат во Охрид и Струга: 60.151<br>Вкупен досег во Македонија: 305.692 |

**Проект 3: BIRN – Audience - engaged journalism grant**

| | |
|---|---|
| **Донатор** | Европска унија / Media Innovation Europe<br>Балканска мрежа за истражувачко новинарство, центар на БИРН |
| **Период на имплементација** | 01.12.22 – 31.04.23 |
| **Локација** | Национално ниво |
| **Очекувани резултати** | - Подигнување на свеста за системските аномалии во одговорот кон семејното насилство, преку:<br><br>- 1 истражувачка сторија – резултат на користење на ECR алатката – објавена на веб страницата и во печатеното издание на „Лице в лице“<br><br>- 2 тестемонијала со жени кои преживеале насилство<br><br>- 1 видео приказна која ќе ги илустрира резултатите содржани во истражувачката сторија |

### 2.3.2 „Лице в лице“ програма

**Во 2022-ra година, беа издадени вкупно 3 броеви на „Лице в лице“, во вкупен тираж од 22.500** примероци. Во текот на 2022 година, во рамките на програмата „Лице в лице“ вклучени се вкупно 22 активни продавачи, регрутирани преку 6 партнерски-организации од

4 градови во земјава (Скопје, Струга, Битола и Неготино). Вкупно 3 продавачи обучени и вклучени во дигитална продажба.

**10 годишнина на „Лице в лице“ – заложби за поеднакво и поодржливо општество**




Во 2022 година „Лице в лице“ го лансираше и новиот производ – Добри картички. Со ова, платформата за одржлив развој го отпочна одбележувањето на 10-годишнината од својата работа и постоење.




Со новите картички „Лице в лице“ посочува дека женските прашања не се само преризвици за жените, туку за сите нас. Пораките од Добри картички придонесуваат во борбата за родова рамноправност, а против дискриминацијата, а ја поттикнуваат и грижата з себе кај жените.
Првата едиција ја креиравме во соработка со познатата дизајнерка Руки Чуки, чии илустрации се најдоа на 9-те мотиви на Добри картички.

Купувајќи Добри картички, публиката ја поддржува платформата за одржлив развој. Картичките се достапни во книжарниците на ТРИ во Скопје, а по одредени поводи, се и кај продавачите на „Лице в лице“.

**Инклузивен ракометен натпревар по повод јубилејните 10 години**

Со инклузивен спортски натпревар, помеѓу поранешни ракометарки на „Кометал Ѓорче Петров“ и на продавачите на списанието за одржлив развој „Лице в лице“, беше

одбележана јубилејната 10-та година од постоењето на истоимената Платформа за одржлив развој. Натпреварувачите беа поделени во два тима, „Be Inclusive“ и „Be Active“, кои освен породавачите, беа и имиња од златната ракометна генерација како: Адријана Будимир, Индира Кастратовиќ, Мирјана Чупиќ, Валентина Радуловиќ, Наталија Малахова Тодоровска, Гордана Нацева, Елена Златановска, Лина Тренковска, Анжела Платон, Лела Велкова и други. Овој натревар беше реализиран во соработка за Агенцијата за млади и спорт.

- **Број на продавачи и тренд на продажба**

- 22 активни продавачи, тројца од нив се вклучени и во дигитална продажба, преку свои онлајн продавници на https://licevlice.mk/c/lvl-prodavachi/
- Мрежата на партнерски организации (ПО) на „Лице в лице“ брои 6 организации кои работат на зајакнување на капацитетите на тешко вработливите лица, преку продажба на списанието;
- Тројца нови продавачи на „Лице в лице“ станаа дел од мрежата во текот на 2022 година.
- „Лице в лице“ се продава во 6 градови во Македонија (Скопје, Битола, Струга и Охрид, Неготино, Кавадарци);
- По **7500 примероци** испечатени и дистрибуирани од 49.број до 51. Број

- **Тренд на продажба во 2021 (43-48 број)**
  ***Графички приказ-тренд на продажба на печатено издание на „Лице в лице„***




***Графички приказ: Тренд на продажба на дигитално списание***



(Графикон од продажба за 2022 од дигиталната платформа kupi.licevlice.mk)

Во текот на 2022 година, имаше три пикови на продажба, во февруари, септември и декември, кога беа реализирани и кампањи насочени кон теренска и онлајн продажба.

- **Програма за продавачите и влијание на програмата**

1) **Во текот на 2022 година беа одржани 60 средби со продавачите** за зајакнување на нивните продажни капацитети преку подобро запознавање со содржината на „Лице в лице“, зошто е важно да се комуницира истата и како да стекнат свои поддржувачи. Исто така, беа одржани и работилници за градење капацитети за онлајн продажба, кај оние продавачи кои се вклучија и во тој дел. Во рамките на овие средби, секогаш разговараме за личните предизивици и мотивирачки приказни на продавачите, па истите ги објавуваме на профилите на социјалните мрежи, како и во печатеното издание на Лице в лице.
2) Во рамки на новогодишната програма, приближно 13 000 честитки беа купени од страна на компании и индивидуалци кои одговорно ја честитаа новата 2023 година. Со ова бележиме тренд на зголемување во однос на претходната година, кога беа продадени близу 11.000 честитки.
3) Беа реализирани приближно 7 „Лице в лице“ предизвици во кои се приклучија инфлуенсери, блогери и поддржувачи на „Лице в лице“. Преку овие предизвици продадени се околу 100 списанија.

# 3 Други форми на застапување и комуникација

## 3.1 Застапеност на во медиумите и социјалните мрежи

| Медиумска присутност | Вкупен опсег социјални медиуми (ПАБЛИК и ЛвЛ) | Резултати од Google analytics (Паблик и ЛвЛ) | Настани на „ПАБЛИК“ | | Присуство на „ПАБЛИК“ на други настани | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 соопштенија<br><br>134 објави | Паблик: 11.694<br><br>Лице в лице: 471.176<br><br>Вкупно: 482 870 | Паблик<br>Посетители: 2.796<br>Прегледи: 6.161<br><br>Лице в лице<br>Посетители: 24.556<br><br>Прегледи: 36.360 | **Учесници**<br>Јавни институции:<br>Бизнис сектор:<br>Трет сектор: | **Број на настани**:<br><br>9 | **Учесници:**<br><br>/ | **Број на настани:**<br><br>9 |

| **Медиумска присутност-број на соопштенија** | **2022** |
|---|---|
| | 10 |
| **Број на објави во медиуми** | 134 |

| **Опсег на социјални медиуми** | **2022** |
|---|---|
| **ПАБЛИК** | 11 694 |
| **Лице в лице** | 471.176 |
| **Вкупно** | 482 870 |

| **Посетеност на веб страни** | **2022** |
|---|---|
| **ПАБЛИК** | Посетители: 2.796<br>Прегледи: 6.161 |
| **„Лице в лице“** | Посетители: 24.556<br>Прегледи: 36.360 |

1) **Комуникации со медиуми**: Пратени вкупно 10 соопштенија и обезбедена медиумска присутност со 134 објави
2) **Веб страна на Асоцијацијата**- На сајтот на „Паблик“ во текот на 2022-та година објавувани се во просек една вест месечно врзана за проектите (настани, конференции, работни групи, публикации) кои ги реализира Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој, но, и информации за присуство на „Паблик“ на конференции надвор од Македонија, како и други вести кои ја таргетираат мисијата и визијата на „Паблик“.

   Вкупната посетеност на веб страната на „Паблик“, според податоците на Google analytics, е 2.796 посетители и 6.161 прегледи.

   **На веб страницата на „Лице в лице“** во текот на 2022-та година објавувани се во просек пет вести неделно врзани за содржините на „Лице в лице“, но, и вести за иницијативи на соработници, чии вредности се заеднички со Платформата „Лице в лице“. Вкупната посетеност на веб страната на „Лице в лице“, според податоците на Google analytics, е 24.556 посетители и 36.360 прегледи.
3) **Фејсбук страна на Асоцијацијата**: На Facebook страна на „Паблик“, која брои 5.971 поддржувачи и следбеници, во просек беа споделувани 3 поста месечно. Вкупниот досег за 2022 година е 11.694

   **На Facebook страна на „Лице в лице“,** која брои 31.429 поддржувачи и следбеници, во просек беа споделувани 5 поста неделно. Вкупниот досег за 2021 година е 471.176.

| Социјална мрежа | Вкупен опсег 2022 година |
|---|---|
| **ПАБЛИК- Фејсбук страна** | 11.694 |
| **Лице в лице- Фејсбук** | 471.176 |
| **Лице в лице-Твитер** | / |
| **Лице в лице-Инстаграм** | 246.427 |
| **Лице в лице- Линкдин** | / |

4) **Јутјуб канал на Асоцијацијата**: Во текот на 2022 година на јутјуб каналот на „Паблик“ споделени се 12 видеа, со вкупен досег од 262 прегледи.

## 3.2 Настани во организација на Асоцијацијата

| Бр. | Настан | Локација | Датум | Број на учесници | Медиумска застапеност |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Доделување сертификати на првата група социјални ментори во Македонија** | Х. Солун | 25.03.22 | 50 | 17 |
| 2 | **Доделување сертификати на социјални менторки за успешно завршување и имплементирање на адаптираната програма за социјално менторство за жени кои преживеале насилство**.<br><br>(Завршен настан на проектот „Можности за економска реинтеграција преку социјално менторство за жени жртви на насилство“, со UN Women Скопје) | Центар за социјални претпријатија | 21.12.22 | 60 | 23 |
| 3 | **Акција „Лето со Лице в лице“**<br><br>(Како дел од одбележувањето на 10-годишнината од делувањето на „Лице в лице“) | | Јуни-јули-август 2022 година | | 15 |
| 4 | **Спортски инклузивен натпревар за 10-от роденден на „Лице в лице“**<br><br>Со инклузивен спортски натпревар, помеѓу поранешни ракометарки на„Кометал Ѓорче Петров“ и на продавачите на списанието за одржлив развој „Лице в лице“, беше одбележана јубилејната 10-та година од постоењето на истоимената Платформа за одржлив развој. Ова воедно беше и одбележување на победата на „Кометал ЃП“ во 2002 година над унгарскиот „Херц Ференцварош“ во финале, освојувајќи ја престижната Лига на шампиони. | Спортска сала „11 Октомври“ | 21.10.22 | 100 | 20 |
| 5 | **Инвестирањето во инклузивни работни места значи и позадоволни вработени**<br><br>(50-то јубилејно издание на „Лице в лице“.Страниците на овој број ја носат перспективата за едно праведно и | Скопје, Македонија | | 7.500 | 20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | инклузивно општество во кое секој граѓанин има еднакви можности за работна реализираност, но, не само при влез на своето работно место, туку и при создавањето адекватни услови за позицијата која ја има.) | | | | |
| **6** | **„Срце полно љубов. Секој ден“ - 10 години постојани заложби за подобар свет! – одбележување 10-годишнина на „Лице в лице“**<br><br>Со новиот производ, #ДобриКартички, платформата за одржлив развој „Лице в лице“, во чии рамки излегува и истоименото улично списание, лани ја одбележва десетгодишнина од својата работа и постоење. | Македонија | | | 12 |
| **7** | **Лице в лице: „Здравство на здрав пат“**<br><br>Со овој број, „Лице в лице“ се фокусираше на пристапот до лекови и потребата од почесто ажурирање на позитивната листа. | Скопје, Македонија | | 7500 | 10 |
| 7 | **Инклузивни работни места за бизниси со додадена вредност**<br><br>**(**Мултисекторска онлајн средба за социјалното менторство) | Онлајн средба | 11.03.22 | 30 | |
| 9 | **Лице в лице: „Поинформирани работници - помала можност за манипулација и злоупотреба“**<br><br>Постојаното унапредување на социјалната правда е предуслов за градење вистинска социјална држава, порача ова издание на „Лице в лице“ | Скопје, Македонија | | 7500 | 17 |
| **Вкупно: 9 настани** | | **Локација**: Скопје, Македонија | | | **Вкупно објави во медиуми:** 134 |

# 4 Влијание врз јавни политики

## 4.1 Национална стратегија за социјалните претпријатија

Првата Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија во земјава е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика. Мандатот за координација на процесот на создавање на Стартегијата, Министерството го додели на Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „ПАБЛИК“. За потребите на Стартегијата во текот на годината, тимот на ПАБЛИК го координираше процесот на консултации со засегнати страни и организираше еден јавен настан за консултации со вкупно 70 засегнати страни.

## 4.2 Документи за јавни политики

Студиите и брифовите за политиките се редовни публикации на Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „ПАБЛИК“. Истите интензивно се комуницираат со сите засегнати страни преку сите достапни алатки за комуникации.

Во 2021-рва година публикувани се следниве изданија:

| Бр | Издание | Форма |
|---|---|---|
| 1 | **The case of North Macedonia: Posted workers - developing patterns and trends**.<br>Брифот е достапен на англиски јазик на следниот линк: https://drive.google.com/file/d/14ckZiSnUgjmRd9nNWad35XO6-47M4dsV/view<br>И на македонски јазик на следниот линк: https://drive.google.com/file/d/1tVtCl_s015x27Gq3ImFsluifkynXLn13/view | Бриф за јавни политики |
| 2 | **Bridging the gap between legislation and practice in the posting of workers: North Macedonia Country Report,** достапна на: https://www.euro.centre.org/publications/detail/3996 | Студија за јавни политики |
| 3 | Information, consultation and participation rights as a factor of success for the business transfer to employees in small and medium size enterprises, достапна на: https://in4bte.eu/pc4nk5/uploads/2021/10/EN_Final-Report_In4BTE_NEW-1.pdf | Студија за јавни политики |
| 4 | Information, consultation and participation rights as a factor of success for the business transfer to employees in small and medium size enterprises, препораки за јавните политики, достапно на: https://in4bte.eu/pc4nk5/uploads/2021/10/EN_Policy_Recommendations_New.pdf | Бриф за јавни политики |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | АНАЛИЗА НА ПРАВНАТА РАМКА И СОЦИЈАЛНИТЕ СЛУЖБИ ЗА ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | Студија на јавни политики |
| 6. | *Labour market activation approaches for vulnerable persons: Country report: ALBANIA*<br>• *Labour market activation approaches for vulnerable persons: Country report Bosnia and Herzegovina*<br>• *Labour market activation approaches for vulnerable persons: Country report: KOSOVO*<br>• *Labour market activation approaches for vulnerable persons: Country report: NORTH MACEDONIA*<br>• *Labour market activation approaches for vulnerable persons: Country report: SERBIA* | Студии за јавни политики |
| 7. | • *Comparative perspective on labour market activation approaches focused on vulnerable persons* | Студии за јавни политики |

### 4.3 Влијание на регионални и глобални политики и програми

Во текот на 2021-вата година преку партнерски организации од регионално, ЕУ и интернационално ниво со наши претставници учествувавме во креирање на стратешки и развојни планови. Во прилог е даден преглед на настаните:

1) **Европски самит за социјална економија** во чии рамки застапувавме за унапредување на јавните политики и поддршка за развој на социјалната економија во Западен Балкан.
2) Унапредување на политики за вработување на ранливи категории граѓани со засегнати страни во Србија, Албанија, Босна и Херцеговина и Косово.

## 5 Соработка и вмрежување

### 5.1 Членување во Мрежи

Асоцијацијата „ПАБЛИК“ во текот на 2021-рвата година беше активен член на следните мрежи:

#### 5.1.1 Diesis scrl-fs

Diesis scrl-fs е европска мрежа специјализирана во обезбедување поддршка за развојот на социјалната економија и социјалните претпријатија во Европа. Станува збор за една од нашироките мрежи

во рамки на ЕУ која е специјализирана за поддршка на развојот на социјалната економија и социјалните претпријатија во 13 земји.

### 5.1.2 Национална мрежа на социјални претпријатија на Македонија

„Паблик" е координатор и меѓу основачите на Мрежата на социјални претпријатија. Мрежата претставува платформа за комуникација и за соработка меѓу различните социјални претпријатија, застапува унапредување на јавниот имиџ на секторот, обезбедува соработка и мултисекторски партнерства со други суштински фактори на национално и на регионално ниво и на ниво на ЕУ. Мрежата поттикнува и размена на добри практики и интерсекторско поврзување, што на долг рок го поттикнува и интересот на јавноста за секторот.

### 5.1.3 ICSEM- Интернационална мрежа на компаративни модели на социјални претпријатија

Истражувачи на „Паблик" во текот на 2014 година, станаа членови на ICSEM- Интернационална мрежа на компаративни модели на социјални претпријатија, во која како истражувачки партнери учествуваат над 58 земји од светот. Околу 45 професори и истражувачи од белгиските универзитети од сферата на економијата, социологијата и психологијата и четири интернационални истражувачки партнери се инволвирани во развојот на целокупната методологија и мрежа. Фокусот на оваа мрежа е на развојот на интердисциплинарно и интегрирано знаење за социјалното претприемаштво и социјалното претпријатие (или скратено SOCENT). SOCENT истражувачката програма покрива неколку тематски линии, помеѓу кои и Интернационалната мрежа на компаративни модели на социјални претпријатија, која се спроведува во партнерство со EMES- Европската истражувачка мрежа.

### 5.1.4 Мрежата на медиумска писменост

„Паблик" е меѓу основачите на Мрежата на медиумска писменост на Република Северна Македонија, која во април 2017 година се формираше на иницијатива на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Мрежата е создадена со цел да ги олесни комуникацијата и консултацијата меѓу различните субјекти во земјава кои работат на подигнувањето на нивото на медиумската писменост на сите граѓани.

### 5.1.5. Меѓународна мрежа на уличен печат ИНСП

„Паблик", преку Платформата за одржлив развој „Лице в лице" е членка и на Меѓународната мрежа на уличен печат, организација со седиште во Глазгов, која обединува 95 улични списанија и весници од преку 35 земји. ИНСП ги поддржува и ги поврзува овие организации преку глобална новинска агенција, заедница на практики, заедничко застапување, глобални кампањи и настани. Исто така, известува и обезбедува платформа за луѓе со искуство од сиромаштија и бездомништво за да можат да ги споделат своите приказни.

## 5.2 Соработка со корпоративен сектор

### 5.2.1 Соработка преку уличното списание „Лице в лице“

**Рош - Македонија**

И во 2022 година, „Лице в лице“ оствари партнерство со „Рош Македонија“, комуницирајќи важна тема за општеството кај нас - предизвиците кои ги носи пристапот до лекови, дигитализацијата во здравството и вклучување на засегнати чинители во креирањето здравствени политики.

Во партнерството со „Рош Македонија“, го испродувиравме 51. издание, кое се распродаде во тираж од 7500 копии, а беше дистрибуирано во Скопје, Струга, Битола и во Неготино. Изданието опфати длабинска анализа на темата со содржини кои посочуваат дека приватното плаќање за лекови е убедливо најголемиот извор на финансиски тешкотии. Причините за ова лежат во ограничената позитивна листа на лекови и тоа што сиромашните и хронично болните не се ослободени од партиципација. Граѓаните мораат да даваат пари од свој џеб и покрај тоа што секој месец од платата им се издвојуваат придонеси за здравствено. Освен тоа, голем предизвик е и што позитивната листа на лекови не е ревидирана повеќе од 10 години, а од 160 нови лекови одобрени од ЕУ во периодот од 2017 до 2020 година, само 11 се достапни во Македонија. Поради ова, пациентите можат да си дозволат најчесто застарени лекови кои во некои земји се исфрлени од употреба. „Лице в лице“ број 51. посочува на сите овие предизвици, но, и на можни решенија за создавање „здравство на здрав пат“.

**ЕВН-Македонија**

Редовната соработка со ЕВН Македонија, продолжи и во текот на 2022 година. Во сите три изданија на „Лице в лице“ во 2022 година, ЕВН закупи медиумски простор во печатените изданија.

**Комерцијална Банка**

Комерцијална Банка се приклучи со рекламни објави во 49-то издание и во 51-то издание на „Лице в лице“

**Соработки со други ентитети**

**UN Women Скопје**

Преку воспоставената соработка и партнерство со **UN Women Скопје**, во текот на 2022 година, а во рамките на проектот „Можности за економска реинтеграција преку социјално менторство за жени жрви на насилство“, кон крајот на 2022 година, отпочната е кампања и креирање на 52. издание на списанието.
Кампањата отпочна со почетокот на меѓународната кампања „16 Дена активизам против насилство врз жени и девојчиња“ која се одржува од 25-ти ноември до 10-ти декември, продолжи и по овој период на 16 дена активизам, а се заокружи со 42. издание на уличното списание за одржлив развој „Лице в лице“, кое излезе во февруари 2023 година.

**Меѓународна организација на трудот**

Со 49 издание на „Лице в лице“ беше изработено во партнерство со **Канцеларијата на Меѓународната организација на трудот во земјава**. Овој број ја носеше темата социјална правда и освестуваше за оваа состојба во која сите членови на општеството ги имаат истите права, обврски, можности и придобивки за да може достојно да живеат и да напредуваат.
Содржините посочуваа дека универзален и траен мир може да се постигне само ако се заснова на социјална правда. Ова издание ги адресираше потребите на работниците, солидарноста, информираноста за правата, но и предизвиците на новата реалност во начинот на кој работат луѓето денес, предизвикана од дигитализацијата на економиите и на секојдневниот живот, како и предизвиците кои ги носат системите во нивно препознавање, вреднување и официјализирање.

**Германско друштво за интернационална соработка (ГИЗ)**

Јубилејното, 50. издание на „Лице в лице“ беше креирано во соработка со ГИЗ. Темата на бројот беше создавање услови за инклузивни работни места. Изданието се фокусираше на улогата на претпријатијата што се двигатели на промени, кои се стремат кон одржливо лидерство, кои ја разбираат улогата на бизнисот во создавањето подобро општество, коишто применуваат професионално менторство за кое зборуваме низ страниците на овој број.

Дел од содржините во 50. издание беа креирани во склоп на проектот **„Лице в лице со различностите“**, кој беше направен со финансика поддршка од ЕУ.

Преку соработка со **Проектот за поддршка на социјалните претпријатија**, остварен е медиумски закуп во 49 издание на „Лице в лице“.

Во соработка со здружението **„Петкамен“,** во рамките на рубриката Одговорно претставување, во 50.број, беше објавен напис кој е дел од кампањата од проектот „Вклучи се – побарај гласно“.
Во соработка со **„Рурална коалиција“,** во 51. издание, во рубриката одговорно претставување беше објавен напис за Академија за претпреимачки.

Софтверската компанија **CodeChem,** која е и редовен претплатник на списанието, реализираше поддршка во облик на донација на ранчиња за продавачите на „Лице в лице“.

**„Фармахем“** е исто така компанија која овозможи претплати за свои вработени и соработници во текот на 2022 година.

Во акцијата ,,Лице в лице на гости,, продавачите на Лице в лице ги посетија **Агенцијата за млади и спорт** и **Комерцијална банка**, каде имаа можност да се запознаат со работата на ентитетите, да се дружат со вработените и да продаваат списанија и картички.

# 6 Институционален развој

### 1.1 Градење капацитети на организациско ниво

Во текот на 2022 година, „Паблик“ инвестираше повеќе од **150 часови во стратегиско планирање,** работејќи на стратешките приоритети на организацијата. Во овој сегмент беше вклучен целиот тим на „Паблик“. Во еден дел од овие активности беше ставен фокусот на одржливост на „Лице в лице“, а стратегијата на „Паблик“ се однесуваше и на позиционирање на социјалното менторство во општсетвениот систем во државата, како и можностите во регионот.
Беа ревидирани приоритети и начини на работа на „Лице в лице“, со што фокусот од печатен производ, се постави кон дигиталните можности и развој на дигитализацијата во основата на платформата за одржлив развој. Исто така, беше ствен и фокус кон привлекување нова, млада публика.

**Резултатите се:**

- ✔ Воспоставена чекири и заложба за пазарна ориентираност
- ✔ Унапредени процеси на менаџирање на ресурси

Организацијата градеше капацитети и кај социјални ментори кои работеа во склоп на повеќе проекти. Дел од нив оваа услуга ја насочија кон продавачи на „Лице в лице“.
Резултатот од овој дел е во насока на зголемување на тиражот на списанието од 7500 кон 9000 копии, а бенефитот се очекува да биде видлив во текот на 2023 година.

Во сите овие процеси беа применети низа алатки од методологијата „У“, која „Паблик“, поради својот статус на партнер од доверба на Presencing Institut од Бостон, САД, ја спроведува во делот организациски развој.

Во текот на 2021, „Паблик“ реализираше и **над 50 часа** за индивидуално градење капацитети за процеси на дигитална трансформација кај вработените, употреба на дигитални алатки, управување со непрофитен медиум, нови медиуми, дигитален маркетинг, менаџирање со тимови, агилност при процесите во менаџирање проекти, бихејвиорална економија.

**Резултатите од овие процеси се**:

- ✔ Поедноставена веб платформа во која е интегриран и елемент за млада публика (ЛицевлицеЗЕНици)
- ✔ Зајакната употреба на дигиталните канали во досег до различни целни групи
- ✔ Зголемен досег до публика социјалните мрежи

**Во делот на формално образование**, три вработени на „Паблик“ подготвуваат магистерски трудови од следниве области:

- Статистички методи за бизнис и економија на Економски факултет Скопје;
- МБА менаџмент, при Економски факултет Скопје;
- Клиничка психологија при Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романовиќ Державин“;
- Една вработена е на магистерски студии за Јавни политики, при Институтот за општествени и хуманистички науки.

## 6.1 Развој на капацитетите на конституентите

Во делот на примена на методологијата за унапредување вештини на ранливи групи и нивна поддршка кон пазар на труд – **менторство за работна интеграција (социјални менторство),** во текот на 2022 година, вработени на „Паблик“, како и претставници на партнерски организации од дистрибутивната мрежа на „Лице в лице“ ја применуваа оваа и во работата со продавачи на уличното списание за одржлив развој. Резултатите од тој дел се:

1) Еден поранешен продавач на списанието доби извод од матична книга на родените, со што се олеснува понатамошната постапка за издавање на останатата лична документација. За истото лице е овозможена бесплатна правна поддршка за овие процеси, од страна на Македонското здружение на млади правници.
2) Преку социјалното менторство, „Паблик“ изгради и капацитети на пет социјални менторки, како надворешни соработнички, а четири од нив применуваа социјално менторство адаптирано на потребите на жени кои преживеале родово базирано насилство. Тие во текот на 2022 година работеа со 15 жени жртви на насилство во Куманово, Битола и во Скопје.

3) На 10 млади ранливи лица во Скопје и во Битола им е овозможена услугата социјално менторство. Еден од овие лица е и продавач на „Лице в лице“, кој се вработи во компанија во Скопје, а петмина се регрутирани како нови продавачи на списанието, со што им се овозможува работна интеграција. Во овие процеси активно се вклучени две социјални менторки, како и поддршка од партнерките организации Здружение за заштита на правата на детето, кое управува со Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари, како и МКЦ Битола.